# Performance Platform Festival

**Performance Platform Festival (PPF)** 2025 се организира во две изданија: во јуни и во октомври. Во каталогот се опфатени сите програми, по редослед на прикажување.

Во духот на нашата феминистичка кураторска перспектива, фестивалот и оваа година го организираме во соработка со други фестивали, организации и индивидуи, како на локално така и на меѓународно ниво — со цел да споделиме ресурси и да ги здружиме нашите сили.

**PPF 2025** го отвора јунското издание преку плуриверзален (Ескобар, 2018) кураторски пристап, односно прикажува и промислува различни светови, перспективи, пристапи, преку призмата на екофеминистички и екополитички колективни и здружени пристапи и вложувања. На тој начин ја гради и ја дизајнира сцената и поширокиот простор како плуриверзален, составен од мноштво поетики и практики.


поддржано од:

Co-funded by the European Union · Perform Europe · Life Long Burning · Министерство за култура и туризам · Ministria e Kulturës dhe e Turizmit · Heinrich Böll Stiftung Sarajevo · Goethe Institut · МКЦ · Skopje Dance Theater

организатор:

Локомотива lokomotiva

**PPF 2025** јуни ќе понуди

**Не)конференција: „(Еко)Феминизам во пракса (и): Преосмислување на уметноста и кураторските иднини“,** ( 9–11 јуни 2025, 11:00–17:30 @МКЦ)

Прво издание на **Македонска кореографска платформа (МКП)** и разговори со уметниците , (9 и 10 јуни 2025, 20:00 @МКЦ)

BLOT - перформанс на Tangaj Collective, (11 јуни 2025, 20:00 @МКЦ)

**Култренинг работилница со Tangaj Collective,** 12 јуни 2025, (17:00 @МКЦ)

→ **(не)конференцијата** ќе се обиде да сподели како кураторските иднини може да се спротивстават на екстрактивистичките модели на капиталоцената (Haraway) и да понудат „одржување“ (sustainment) (Fry) како алтернатива на неолибералната „одржливост“ (sustainability). Преку споделување практики, прошетки-дискусии и критичка и феминистичка педагогија, уметниците и кураторите ќе се обидат да ко-креираат знаење кое ќе го пренесеме во фанзин.

→ **МКП** се појавува како критичка иницијатива за да го зајакне и истакне авторскиот глас на македонските кореографи во домашниот, но и во поширокиот транснационален контекст. Тоа е нова иницијатива на 10 кореографи и танцови професионалци кои преку сплотеност и солидаризирање се организираат во своето претставување.

→ **BLOT на колективот Тангај**— хибриден еко-перформанс за микробиолошка меѓузависност — ќе даде кореографски преглед како контрапункт на антропоцентричните кореографии, резонирајќи со повикот на Ана Цинг за „уметности на забележување“. Својата колективна кореографска перспектива колективот ќе ја сподели преку Култренинг програмата.

Performance Platform Festival

Performance
Platform
Festival

Ова издание повикува на **плуриверзирање** како кураторска практика, односно перформативно создавање на светови - повикувајќи ја јавноста, институциите и екологиите на колективна реимагинација на уметноста како простор за трансформација, грижа и заеднички иднини.

**Поддржувачи:** Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија, Фондација Хајнрих Бел, Гете-институт Скопје, Performance Situation Room / проект LLB 3 финансиран од програмата Креативна Европа; и Perform Europe.

Performance Platform Festival

(не)конференција:

9-11 June 2025
11.00-17.30 @МКС

# “[Еко]Феминизам во практиката/ите: Преосмислување на уметноста и кураторските иднини”

Performance
Platform
Festival

На (не)конференцијата покануваме меѓународни и македонски куратори и уметници да ги споделат своите кураторски и уметнички стратегии, тактики и начини на работа поврзани со еко-политиката, феминизмот и општествено ангажираните практики засновани на солидарност и еднаквост. Нивните практики и соработки ќе бидат претставени преку презентации, работилници и дискусии со локални професионалци, студенти и пошироката публика.

Целта на (не)конференцијата е да се истражи форматот на (не)конференција, како јавен и полујавен простор, да им се овозможи на учесниците да ги претставаат своите понови начини на работа и заедно да размислуваат во насока на еко-политика, екофеминизам, феминизам и како тие влијаат врз кураторските и организациските или управувачките практики во уметноста.

## Гости: Каталин Ердеди [Будимпешта], Паз Понсе [Берлин], Марта Кеил [Варшава/Утрехт], Хампус Бергандер [Стокхолм], Нефели Јоти [Атина/Стокхолм], Никола Узуновски, Ивана Драгшиќ, Кристина Леловац и Слободанка Стевческа [Скопје].

Ќе се обидеме да истражиме различни еко- и феминистички кураторски и уметнички практики и социо-еколошка трансформација во уметничката и културната продукција. Ќе работиме со интерсекционални перспективи што поврзуваат еко- и феминистички, зелени практики и политики базирани на солидарност во поддршка на социо-еколошки промени. Ќе се обидеме да изградиме заеднички простор за истражување еко-политички и феминистички пристапи кон кураторството. На крајот од настанот, заеднички ќе изработиме план за фанзин што ќе биде претставен на есенското издание на фестивалот, а потоа ќе биде и дистрибуиран онлајн.

Локација: **Младински културен центар (МКЦ), Скопје**
Датум: **9–11 јуни 2025**
Формат: **Модел на (не)конференција со презентации, (прошетки) дискусии, работилници, колективна размена и ситуациска рефлексија.**

Прв ден: понеделник, 9 јуни
Размена и рефлексија
Локација: Младински културен центар (МКЦ)

| | |
|---|---|
| 11:00–11:30 | Добредојде и вовед |
| 11:30–14:00 | Размена на практики: Кураторски и уметнички методологии - Каталин Ердеди (Будимпешта), Паз Понсе (Берлин), Марта Кеил (Варшава/Утрехт), Хампус Бергандер (Стокхолм)<br>Marta Keil (Warsaw/Utrecht), Hampus Bergander (Stockholm) |
| 14:00–15:30 | Пауза за ручек |
| 15:30-16:00 | Размена на практики: Кураторски и уметнички методологии - Нефели Јоти Атина/Стокхолм) |
| 16.00-17.00 | Презентација на книгата Dissonances од Critical Practice Group #5 - Nefeli Gioti и Дискусија |

Втор ден: вторник, 10 јуни
Размена и рефлексија
Локација: Младински културен центар (МКЦ)

| | |
|---|---|
| 11:00-12:30 | Прошетка-дискусија: Скопје како еко-политички контекст (Ивана Драгшиќ) |
| 12:30-14:00 | Размена на практики: Кураторски и уметнички методологии (Никола Узуновски, Кристина Леловац и Биљана Тануровска-Ќулавковски) |
| 14:00-15:30 | Пауза за ручек |
| 15:30-17:30 | Колективна дискусија/размена/работа во групи |
| | |
| 15:30-17:30 | Collective Discussion/Sharing / Group Work |

Колективна размена: Како еко- и феминистичките кураторски практики можат да придонесат за промени во современите (изведувачки) уметности? Кои потенцијали се појавуваат кога еко-феминистичките, деколонијалните и афективните рамки се сретнуваат со кураторската работа?
Учесниците ќе работат во групи за да мапираат релации, да извлечат забелешки и да предложат плурални, ситуациски имагинарии. Наместо да бара конечни одговори, сесијата ќе отвори простор за артикулирање на концепти, стратегии и дилеми што се важни за еко- и феминистичкото кураторство. Како да го „разместиме наместеното“? Како екофеминистичките и релациските принципи можат да го реобликуваат кураторството и да влијаат на тоа како размислуваме и создаваме современа уметност?

Секој куратор е поканет да изнесе едно клучно прашање или дилема од сопствената практика. Овие провокации ќе служат како насока во колективно истражување за тоа како ситуациското, отелотворено и трансиндивидуално кураторство може да предизвика промена – и концептуално и структурно?

Трет ден: среда, 11 јуни
Критичка педагогија и еколошко учење во кураторската практика
(во рамки на PSR/LLB 3 Nomad Dance Sessions)
Локација: Младински културен центар (МКЦ)

| | |
|---|---|
| 11:00-12:00 | Презентација на едукациски пракси и искуства од Слободанка Стевческа, Илина Василеска, Камелија Каламерникова, Ивана Ќ. Самандова |
| 12:00-14:00 | Колективна работна сесија<br>Тема: Критичка педагогија, кураторство и еколошки пресврт<br>Фокус:<br>– Реобмислување на инфраструктурите на знаењето<br>– Деколонијално и екофеминистичко учење<br>– Социјална и еколошка правда во уметничкото образование (ReImagine курикулум) |
| 14:00-15:30 | Пауза за ручек |
| 15:30-17:30 | Колективна рефлексија / Презентација на заедничката работа и планирање на фанзинот |

Сесијата ќе истражи како едукацијата во кураторството и во уметноста/културата може да одговори на итните потреби на еколошките и феминистички практики. Преку заеднички предлози и отворен дијалог, ќе смислиме идеи за трансформирање на наставните програми и инфраструктурите на знаење. Фанзинот ќе служи како трага и алатка за поширока дистрибуција и континуирано ангажирање.

Поддржувачи:

Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија, Фондација Хајнрих Бел, Гете-институт Скопје, Performance Situation Room / проект LLB 3 финансиран од програмата Креативна Европа и Perform Europe.

Performance
Platform
Festival

Прво издание на

9 и 10 јуни 2025
20:00 @МКС

# Македонска кореографска платформа (МКП)

и разговори со уметниците

Performance Platform Festival

Првата Македонска кореографска платформа (МКП), како пионерска иницијатива, дебитира во рамки на Performance Platform Festival (PPF) 2025, поттикната од кураторките на фестивалот,

## Биљана Тануровска-Ќулавковски и Викторија Илиоска

со цел да ги споделат своите ресурси и да ја започнат иницијативата заедно со новата генерација македонски кореографи, меѓу кои се

## Ивана Балабанова, Дејан Битровски, Адријана Данчевска Ровчанин, Теодора Ежовска, Александар Георгиев, Тереза Лазарев и Александра Петрушевска.

Performance Platform Festival

Ова прво издание е овозможено преку споделена економија, односно преку несебичниот придонес и споделување лични ресурси (време, знаење, труд и друго) од страна на авторите, изведувачите, тимот на Локомотива и нашите пријатели, покрај симболичниот придонес од основачите.

Во наредните изданија ќе бидат поканети и други автори на танц, куратори, продуценти, координатори, теоретичари, како и други работници во областа на танцот да се **приклучат кон оваа иницијатива.**

**МКП** се стреми да се етаблира како клучен чекор кон развој на силен кореографски и танцов екосистем во Северна Македонија. Оваа иницијатива има за цел да ја зголеми видливоста на танцовите и кореографските практики, позиционирајќи ја македонската танцова сцена на европската танцова мапа преку колаборативна и еволутивна платформа. Замислена како биенален настан, секое издание на платформата ќе биде организирано во рамки на различни фестивали или културни организации во земјава, обезбедувајќи континуирана ангажираност и разновидни уметнички перспективи.

**Првото издание на Македонската кореографска платформа (МКП)** е дел од тридневната програма на **Performance Platform Festival 2025**, а ќе се одржи во Младинскиот културен центар (МКЦ) на 9 и 10 јуни, со почеток во 20:00 часот.
МКП ќе ги претстави уметничките практики на седум македонски кореографи во форма на презентации со времетраење од 20 до 30 минути, при што кореографите ќе ја претставaт својата уметничка практика како извадок од „завршен перформанс", како работен процес или како перформанс. На крајот од секој ден, по перформансите ќе следат **разговори со уметниците**, модерирани од Нефели Јоти и Калиа Димитрова.

МКП не е само презентација, туку и место за средби на уметници, студенти, куратори и други танцови и културни работници од земјава, од регионот и од ЕУ.
Подигнувајќи го гласот на локалните кореографи и вклучувајќи се во пораките за работничките права, Македонската кореографска платформа се стреми да стане настан кој не само што го ангажира танцовиот сектор туку ја вклучува и целата независна сцена и придонесува кон поширокиот европски дискурс за танцот и перформансот.

# PROGRAM
# 9.06.2025, 20:00 @MKC

## ECHO OF THE BARON „ЕХО НА БАРОНОТ“

| | |
|---|---|
| Concept, choreography, directing, costumes, and scenography/Концепт, кореографија, режија, костими и сценографија: | Dejan Bitrovski / Дејан Битровски |
| Performers/Изведувачи: | Stefanie Schaarchmidt, Anastasija Danchevska & Nina Petrushevska / Стефани Шаршмит, Анастасија Данчевска и Нина Петрушевска |
| Music/Музика: | Herzel / Херзел |
| Production/Продукција: | Skopje Dance Theater / Скопје Танцов Театар |

## "THE REMIX" „РЕМИКС“

| | |
|---|---|
| Choreography/Кореографија: | Adrijana Danchevska Rovchanin/Адријана Данчевска Ровчанин |
| Performers/Изведувачи: | Stefanie Schaarchmidt & Nina Petrushevska/Стефани Шаршмит и Нина Петрушевска |
| Music/Музика: | Aleksandar Grozdanovski/Александар Грoздановски |
| Production/Продукција: | Skopje Dance Theater/Скопје Танцов Театар |

## "WHAT IS LEFT BEHIND - THE RESURRECTION"

| | |
|---|---|
| Choreography and Performance / Кореографија и перформанс: | Teodora Ezhovska / Теодора Ежовска |
| Music / Музика: | Damjan Tomoski / Дамјан Томоски |
| Independent Production / Независна Продукција | |

## "HOPE FOR THE BEST - PREPARE FOR THE WORST

| | |
|---|---|
| Concept / Концепт: | Viktorija Ilioska / Викторија Илиоска |
| Commissioned by / Поддржано од: | Suns and Stars / Сонца и Ѕвезди |

Artists' talks moderated by Nefeli Gioti
/Разговори со уметниците, модераторка: Нефели Јоти

# PROGRAM
# 10.06.2025, 20:00 @MKC

## "PRACTICE SHARING"

| | |
|---|---|
| Choreography and Performance/ Кореографија и перформанс: | Aleksandar Georgiev/Александар Георгиев |
| Music / Музика: | Tsvetan Momchilov/Цветан Момчилов |

The performance is suitable for audiences aged 16 and over.
/ Перформансот е наменет за лица над 16 години.

## "BITING" „ГРИЗЕЊЕ"

| | |
|---|---|
| Choreography / Кореографија: | Tereza Lazarev and Aleksandra Petru-shevska/Тереза Лазарев и Александра Петрушевска |
| Performers / Изведувачи: | Tereza Lazarev/Тереза Лазарев |
| Music / Музика: | HERZEL |
| Production / Продукција: | Independent Production |

## "YUGO" „ЈУГО"

| | |
|---|---|
| Choreography and Performance/ Кореографија и перформанс: | Ivana Balabanova/Ивана Балабанова |
| Performers/Изведувачи: | Sophie Larson and Coko De Windt/Софи Ларсон и Коко Де Винт |
| Live music set: | Paul Taro Schmidt/Пол Таро Шмит |

Bala Productions & Beatrix Cultural Center/Бала Продукција и Битрикс Културен Центар

Разговори со уметниците, модераторка: Калиа Димитрова /
**Artists' talks moderated by Kalia Dimitrova**

Диџеј сет на Виолета Качакова /
**DJ set - Violeta Kachakova**

# Адријана Данчевска Ровчанин



Кореографската практика на Адријана Данчевска Ровчанин е поттикната од континуирано истражување за тоа како движењето може да пренесува сложени емоции, социјални прашања и лични искуства. Таа е длабоко посветена на овие теми како концепти од кои произлегува нејзиното истражување на сензорното и кинестетичкото, преку колаборативен, процесно ориентиран дијалог на ко-креирање со танчери/изведувачи. Таа се стреми да го истражи пресекот помеѓу физичкото и концептуалното, но и да ги оспори традиционалните танцови структури и да ги помести границите присоединувајќи разновидни уметнички влијанија, културни наративи и специфично сензорно и кинестетичко истражување.

Покрај тоа, нејзиниот истражувачки процес се води од силен интерес за испитување и примена на нови технологии и мултимедија, со цел да се прошири кореографското поле и поимот танц(ување). Испреплетувајќи ги видеото, звукот и визуелните текстури, таа го засилува сензорното и афективното поле. Овој пристап произлегува од желбата да се поттикне рефлексија, да се наруши вообичаената перцепција и да се предизвика сензорното искуство.

## БИОГРАФИЈА

Адријана Данчевска Ровчанин е кореографка, танчерка и доцент на Катедрата за современ танц при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (2019-). Во 2023 година Данчевска е дел од авторскиот тим на „Молитви на моето тело", проект работен во Националната опера и балет за чествување на делото на Ацо Шопов и го кореографира вториот дел „Преплетување". Адријана учествувала како кореографка на Универзитетот „CODARTS", со танчери на Ротердамската танцова академија и на Универзитетот за уметности ZHdK во Цирих, Швајцарија. Таа го кореографира и режира и првиот македонски танцов филм „Дома/филмот" (2020).

Нејзини короеграфии со Скопје танцов театар се изведуваат во Северна Македонија и надвор од земјата – на „Лајкс Дејот" фестивалот во Рига (Латвија), „Silk Road Festival" во Кина, „Holland Dance Festival" во Хаг (Холандија), како и „Недела на современ танц" во Загреб (Хрватска), меѓу другите. Данчевска е добитничка на првата награда за најдобра кореографија и наградата од публика на 26-то издание на Фестивалот на кореографски минијатури во Белград, Србија.

Перформативната практика на Александар Георгиев се обликува преку она што тој го нарекува - метод на флертување - кореографска стратегија која не е вкоренета во самиот флерт, туку во механизмите на заемното внимание помеѓу него и публиката. Таа се заснова на кореографија на погледи, каде што тој и публиката континуирано се надополнуваат, се прекинуваат и реагираат еден на друг. Оваа динамична размена на внимание создава афективен тек на разновидни концептуални приоди кои резонираат во реално време.
Во основата на неговото дело е интересот за аналната политика - соматска и симболична преориентација што го поставува анусот како орган кој е историски маргинализиран и осрамотен. За разлика од доминантната фронталност структурирана околу фалусни или вагинални оски, неговата кореографија истражува алтернативен начин на фронталност - задниот дел од телото: неговите набори, неговата несфатливост, неговото одбивање да изведе транспарентност. Овој пристап се спротивставува на хипер-видливо-фронталната естетика и предлага перформативно присуство од 360 степени - истовремено ранливо и субверзивно.
Неговите перформанси, често опишани како радикална нежност, се приклонуваат кон романтичното, а не кон дидактичкото или отворено активистичкото. Тој комуницира во нежни, достапни регистри кои повеќе резонираат со поп-културата отколку со ексклузивните логики на уметничкиот свет, како што самиот вели. Во рамките на оваа естетика, моќта се истражува преку влажност, порозност и сензуалност - квалитети кои се спротивставуваат на коравоста и крутоста. Тука, задоволството не е ниту репродуктивно ниту функционално; тоа е спекулативно, бунтовно и политичко.
Низ квир перформативна призма, тој ја преиспитува историјата не како корективно средство, туку како простор за заедничко обмислување инклузивни иднини. Неговото дело ја нарушува линеарната темпоралност, ангажирајќи се со идна носталгија и спекулативна поетика. Неговата спекулативна поетика го повикува она што никогаш не било целосно реализирано, а сепак останува можно.
Во неговата практика квирноста не е само отпор – туку станува нормативност – основа за кинетичка емпатија, за сензуална солидарност, за релациски тела, каде што нежноста и задоволството стануваат радикални акти на пркос.

## БИОГРАФИЈА

Александар Георгиев (Аце) работи со и околу кореографијата, пристапувајќи кон уметничкото истражување преку поетиката на околноста – не за или од, туку ангажирајќи се со околната динамика на феномените. Во фокусот на неговото имагинативно докторско истражување КО-серија се коегзистенцијата, нежноста и кинетичката емпатија, бавејќи се со концепти како политизација на анусот, „читање одзади“ и „имагинативни структури како системи за поддршка“.
Активен од 2008 година, тој е ко-основач на STEAM ROOM и на Имагинативен кореографски центар (Imaginative Choreographic Center - ICC) заедно со Дарио Барето Дамас и Жана Пенчева. Поврзан е со различни културни структури, работејќи на денационализација на уметничките и културните практики, истовремено поттикнувајќи ко-размислување, ко-сонување и ко-обмислување алтернативни иднини преку кореографија.
Прочитајте повеќе на **aleksandargeorgiev.com**





# Александра Петрушевска

Во основата на кореографската практика на Александра е преобразбата на една идеја до точка на генијалност, каде што бескрајната реинтерпретација го расплетува нејзиното првично значење, оставајќи ја во состојба на постојана променливост. Во заедничкиот простор помеѓу телото и звукот, таа создава повеќе варијации на една иста идеја, дозволувајќи акумулација со текот на времето, извртување и суптилни поместувања.

Балансирајќи меѓу создавањето и структурата, нејзината практика ја прегрнува неодреденоста, прифаќајќи ги моментите на апсурд и отуѓеност како нераскинлив дел од движењето и звукот. Интензитетот се гради постепено, сè до негово распрскување, каде што телото и звукот, растегнати во различни насоки, ја губат кохерентноста и се развлекуваат помеѓу автентичното и апстрактното. Во тој момент, контролата се разнишува, оставајќи простор за неочекувани можности.

## БИОГРАФИЈА

Александра Петрушевска (МК) е танчерка и кореографка која живее и работи во Берлин. Започнува да го истражува танцот и кореографијата во неформално опкружување, сè додека не се приклучила на Скопје танцов театар (2015–2018). По завршувањето на студиите на ХЗТ Берлин (2019–2022), Александра соработува со Армин Хокми и уметничкото дуо Џиневра Панцети и Енрико Тикони, меѓу другите.

# Дејан Битровски



Кореографската практика на Дејан Битровски го спојува современиот танц со вокабуларите на урбаното движење, што произлегува од неговото искуство со хип-хоп како движење што е вкоренето во општеството и колективот. Неговите дела се испреплетени со општествени теми, истражувања за различни субјективитети, идентитети и колективни искуства, проучени преку изразито физички и експресивен јазик на движење. Често вградува мултимедијални елементи, како филм и оригинална музика, со цел да ја прошири наративната и емоционалната длабочина на своите перформанси.

Кореографијата на Битровски често вклучува сатирични и симболични елементи, користејќи ја сцената како простор за критичка рефлексија на различни контекстуални прашања – од ефектите на пандемијата до менталната архитектура на модерното општество. Неговата практика балансира помеѓу апстрактна композиција и прецизна кореографска структура, создавајќи дела втемелени во визуелност, сетилна комуникација и социјалните теми.

**БИОГРАФИЈА**

Дејан Битровски е современ уметник, танчер и кореограф, чија практика се темели на хип-хоп и урбани танцови стилови. Дипломирал на Скопската танцова академија под менторство на проф. д-р Рисима Рисимкин, а магистрирал по Образование за современ танц на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Од 2014 година е член на Скопје танцовиот театар, соработувајќи и како танчер и како кореограф. Кореографското деби на Битровски, „Јас и ние“, имаше своја премиера во 2017 година, по што следеа дела како „Луцидниот Јос“, „Contour“, „GodSpeed“ и „Ѓаволска дупка“ – од кои повеќето се занимаваат со општествените состојби за време на пандемијата на КОВИД-19. Често внесува мултимедијални елементи и соработува со уметници, вклучувајќи го кинематографот Владислав Гавриловски и композиторите Тони Китановски и Виктор Филиповски.
Неговите понови продукции, како „Блокови“ и „Напуштена иднина“, претставени на Танц Фест Скопје 2023/24, истражуваат теми на социјална фрагментација и апстрактни структури.
Битровски има настапувано и претставувано дела на меѓународно ниво, соработувајќи со кореографи од различни делови на Европа и Азија. Во 2022 година тој е ко-основач на колективот за современа уметност „Dance Bunker“, со кој развива нови платформи за танц и перформанс.




Ивана Балабанова ги поврзува гласот, звукот и сценографијата преку хоризонтален и интердисциплинарен пристап, создавајќи простор каде што секој елемент коегзистира како рамноправен учесник во изведбата. Во нејзината понова практика, Ивана Балабанова го истражува танцовото тело како политичко тело, каде насилството, отпорот и пулсот на наследениот гнев се централни теми. Со нејзиното најново дело, YUGO, кое е во тек, таа го истражува женското тело – не како симбол, туку како место – каде што моќта, опстанокот и делувањето се преговараат низ текстурите на системската опресија.

Нејзината уметничка практика се развива преку структурирана импровизација и телесна перкусија, каде движењето и звукот стануваат алатки за промена, гестови на телесен протест. Таа ја вовлекува публиката – не како пасивни набљудувачи, туку како сведоци, соучесници и активни учесници – поттикнувајќи заедничко искуство што ги разнишува доминантните наративи и отвора простор за отпор.

Преку хоризонтален и интердисциплинарен пристап, Ивана ги испреплетува гласот, звукот и сценографијата во простор каде ниту еден елемент не доминира; сите постојат рамноправно, секој одекнува со итноста на рефлексијата. Нејзината работа не е толку насочена кон разрешување, туку повеќе кон растргнување – држејќи ги отворени празнините каде што би можеле да се појават нови начини на постоење.

## БИОГРАФИЈА

Ивана Балабанова е танчерка, кореографка и интердисциплинарна уметница која живее и работи помеѓу Скопје и Цирих, по потекло од Скопје, Северна Македонија. Нејзиното уметничко патување е длабоко вкоренето во прашањата за идентитетот, темпоралноста и лиминалноста, истражувајќи теми што ги оспоруваат општествените норми и ги нарушуваат конвенционалните наративи. Испреплетувајќи елементи од урбаниот и современиот танц, Ивана создава перформативни и визуелни наративи кои ги преиспитуваат пресеците помеѓу телото, политиката и културните конструкции. Како добитничка на престижната стипендија за извонредност на Универзитетот за уметности ZHdK, Ивана се занимава со политичкото тело, квир идентитетите, влијанието на патријархатот и феминистичките перспективи врз телесниот израз. Нејзината практика истражува како телата го преговараат своето постоење во рамките на социо-политичките структури, истакнувајќи ја тензијата меѓу квир културата, патријархалните рамки и стремежот кон автономија.

Како основачка на Културниот центар Битрикс и членка на колективот Dance Bunker, таа развива платформи што ја децентрализираат танцовата едукација, даваат приоритет на инклузивноста, но и глас на недоволно застапените заедници. Нејзините дела се претставени низ Балканот, Цирих, Санкт Гален, Санкт Петербург, Берлин, Хамбург, Њу Мексико, Каљари и пошироко.

веб-страница: https://ivanabalabanova.com
инстаграм: @skrozbala

# Теодора Ежовска



Уметничката практика на Теодора Ежовска ја истражува врската помеѓу телото, просторот и времето, обликувајќи го движењето како променлив и отворен дијалог со околината. Користејќи ја импровизацијата како моментална композиција, таа испитува како ограничувањата, повторувањата и просторните рамки можат да создадат нови вокабулари на движење. Нејзиниот пристап се заснова на сензорна свест, третирајќи го телото како отворен систем што постојано се менува во одговор на внатрешните и надворешните дразби.

Во последно време, таа истражува динамики и структури на движење, црпејќи инспирација од органски системи како што се јата птици и природни формации. Набљудувајќи ги тие мотиви, таа испитува како телата можат самостојно да се организираат во просторот преку близина, ритам и заедничка намера, создавајќи спонтани, но структурирани констелации на движење. Таквото истражување има за цел да ги раскине хиерархиските композиции, прифаќајќи ја хоризонталноста во движењето, соработката и присуството.

Нејзината работа претставува постојано истражување за начинот на кој движењето може да дејствува како форма на комуникација вон вербалниот јазик – како телото, преку свесност и релационо движење, може да генерира значење, тензија и трансформација во рамките на перформативните простори.

## БИОГРАФИЈА

Теодора Ежовска ја започнува својата танцова кариера на седумгодишна возраст, развивајќи ран интерес за хип-хоп, танц театар и шоу-танц. Подоцна ја продлабочува својата практика на Факултетот за музичка уметност во Скопје, каде дипломира на катедрата за Балетска педагогија – современ танц. Со разновидно искуство како изведувачка, Теодора има учествувано во бројни проекти, вклучувајќи соработки со Урсула Игли, Искра Шукарова, Елена Андонова Петровиќ, Ивана Балабанова и Тобијас М. Драгер, меѓу другите.

Како кореографка, таа истражува простор, време, проксемика и колективна работа, создавајќи дела како што се „Спирала“, „Обединување“, „Торн“, „Синергија“ и „Не можам да дишам, не можам да зборувам“. Нејзиното дело „Кругот не е тркалезен“, под менторство на Вики Ангелику, освојува трета награда на Фестивалот за кореографски минијатури во Белград. Во моментов таа работи на проектот „Онаа која знае“, чија почетна фаза беше претставена на Карловац танц фестивал, во рамките на програмата (Non)Aligned Movements на Nomad Dance Academy.

# Тереза Лазарев



Во својата кореографска практика, Тереза Лазарев тргнува од надвор кон внатре – истражувајќи и проучувајќи надворешни слики и концепти кои потоа ги вградува во телото, преобликувајќи го преку импровизација. Таа го гледа своето тело како место на постојана преобразба – не како конечна форма или слика, туку потенцијалноста на телото што е секогаш во процес на постанување. Го истражува настанувањето и пропаѓањето, одржувајќи тензија помеѓу едноставноста и нестабилноста – помеѓу видливото и сензорното.
Од неодамна таа работи со своето лице како релациска точка на движење, истражувајќи како двата елемента влијаат еден на друг. Преку оваа релација, таа има за цел да создаде ликови што ги спојуваат двата елемента заедно, создавајќи свет кој е мрачен и имагинарен.

**БИОГРАФИЈА**

Тереза е танчерка и кореографка која живее и работи во Скопје, Северна Македонија. Својата танцова кариера ја започнува уште од најрана возраст во мало студио во Куманово, а подоцна го продолжува своето образование на Академијата за современ танц при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Тереза неодамна работеше со и учеше од Џудит Санчез Руиз, при што имаше можност да изведе едно од нејзините дела.

# Викторија Илиоска



Викторија Илиоска ги претвора именките во глаголи, практиката во движење, мислата во акција. Таа практикува мека провокација – поставува прашања како Што треба да направиме за иднината да следи?, размислувајќи за ресурсите кои нѐ опкружуваат. Таа нѐ гледа сите нас, вклучително и публиката, како ресурс, па токму преку таа рамка го разоткрива подтекстот на експлоатацијата вградена во тие односи. Таквото истражување го опфаќа нашето тело, но и други „поголеми“ политички тела, создавајќи подтеми – екофеминизам, екстрактивизам, хидрофеминизам – кои ја обликуваат нејзината понова практика. СЀ е поврзано со = „естетиката на потребите“, како што самата таа ја опишува својата уметничка практика. Викторија ја разбира кореографијата како проширена практика која еволуира и се трансформира во организација на просторот — алатка за анализа што е повеќе од обично изразување. За неа, кореографијата е критичко поле на знаење, каде танцот и перформансот се стратешки средства за движење низ тензиите меѓу структурата, редот и процедуралните рамки. Таа пристапува кон уметничката практика како кон динамична интеракција помеѓу правењето и постанувањето, обликувана преку истражување, рефлексија и отелотворено иследување.

Во својата работа, Викторија ја трансцедентира методологијата, претставувајќи отворен, веќе постоечки, порозен простор во кој се расплетуваат уметничките прашања, простор што ја содржи суштината на нејзиното уметничко истражување. Во тој простор, кореографијата изникнува како форма на истражување, а не како утврден систем.

Нејзината практика се темели на истражување, рефлексија и соматско испитување, овозможувајќи им на делата да се развиваат, наместо да се прилагодуваат на однапред дефинирани структури. Таа ја отфрла идејата за немо, неутрално танцово тело. Напротив, нејзината практика е исполнета со провокација, се занимава со теми за трудот, родот, видливоста на жените во јавниот простор и односот на телото со светот кој е повеќе од човечки. Гледајќи го телото како ресурс, таа го истражува неговиот потенцијал во рамките на материјалистичкиот екофеминизам и критиката на екстрактивизмот. Преку својата кореографија, таа се стреми да предизвика, да разниша и да повика на критичка рефлексија, позиционирајќи го танцот како алатка за преиспитување на социјалните и политичките конструкции.

**БИОГРАФИЈА**

Викторија Илиоска е кореографка, изведувачка и уметница која ја истражува кореографијата низ различни медиуми, вклучувајќи движење, текст, глас и звук. Таа дипломира на отсекот за педагогија и репертоар на танц при Факултетот за музичка уметност во Скопје, а магистрира кореографија и перформанс на Институтот за применети театарски студии во Гисен.



Performance Platform Festival
11 јуни 2025
20:00 @МКС
BLOT – Body Line of Thought
поддржано од:
Co-funded by the European Union
Perform Europe
Life Long Burning
Република Северна Македонија Министерство за култура и туризам
Republika e Maqedonisë së Veriut Ministria e Kulturës dhe e Turizmit
HEINRICH BÖLL STIFTUNG SARAJEVO Bosnia and Herzegovina | Albania | North Macedonia
GOETHE INSTITUT
МКЦ
SKOPJE DANCE THEATER
организатор:
локомотива lokomotiva

Performance Platform Festival

## BLOT - Body Line of Thought

BLOT – акроним за Body Line of Thought е моќен танцов перформанс во кореографија на Симона Деаконеску (Романија) и Ванеса Гудман (Канада), кој прикажува како невидливите микробиолошки светови го обликуваат нашето постоење. Неодамнешните еколошките случувања сè повеќе ја истакнуваат потребата телото да се гледа како дел од неговиот внатрешен екосистем. Осмислен како хибридна претстава, занесна конференција изведена од голи тела, перформансот BLOT го истражува движењето во однос на бактериите во нашето тело. BLOT открива длабоки сличности меѓу луѓето и животните - потење, мирис, репродукција, имунитет - покажувајќи како бактериите влијаат на овие процеси и нè поврзуваат со Земјата.

Музиката за овој педесетминутен танцов перформанс е на Monocube, украински автор на амбиентална музика кој живее и работи во Берлин, а дизајнот на сцената е на реномираниот романски визуелен уметник Чипријан Чуклеа. Со феминистичката кураторка Оливија Нициш и екофеминистичката уметница Марта де Менезиш од Португалија како уметнички советнички, во перформансот настапуваат извонредните романски танчерки Марија Луиза Димулеску и Симона Дабижа.
Перформансот е придружен со работилница предводена од кореографката Симона Деаконеску, како дел од програмата „Култренинг“ на Локомотива.

Диџеј сет на Виолета Качакова


Performance
Platform
Festival
12 јуни 2025
17:00 @МКС
Kultrening
workshop by
Tangaj Collective
BODY
LANDSCAPES.
AN ECOFEMINIST
PERSPECTIVE
TANGAJ
COLLECTIVE
with support of
Perform
Europe
Co-funded by
the European Union
HEINRICH BÖLL STIFTUNG
SARAJEVO
Bosnia and Herzegovina | Albania |
North Macedonia
Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit

Performance Platform Festival

Од 2016 година, Локомотива континуирано гради средина на поддршка за танцова едукација, размена на знаења и уметничка практика преку програмата Култренинг. Оваа иницијатива нуди часови за современ танц наменети за пошироката заедница – од професионални танчери и уметници, до ЛГБТИК+ заедницата и сите заинтересирани за техники на современ танц и истражување на движењето.

Во соработка со локални, регионални и меѓународни кореографи и танчери, Култренинг дава постојана поддршка за развојот и видливоста на локалните уметници, истовремено создавајќи достапни можности за пошироката заедница да се вклучи во висококвалитетни работилници за современ танц, секогаш бесплатно. Со текот на времето програмата прерасна во значаен простор за одржување на практиките на движење, претставување нови едукативни пристапи во танцот, развивање грижа и градење колективен импулс.

Со задоволство ги покануваме сите кои учествувале и сѐ уште сакаат да учествуваат во Култренинг - студенти, професионалци и почетници - да ни се придружат на 75-минутната работилница BodyImage Techniques: Morphing, под водство на романската кореографка Симона Деаконеску.

**Да се здружиме, да ги менуваме формите и заедно да откриеме нови текови на движење.**

# BodyImage Techniques: Morphing

## Работилница за танц, 75 минути
## предводена од Симона Деаконеску

Со Morphing, романската кореографка Симона Деаконеску ги повикува учесниците да го истражат разиграното, адаптабилно тело. Инспириран од природни процеси како што се мултицентричните движења на октоподот и бавните поместувања на тектонските плочи, часот се фокусира на динамични, лесни движења кои го разнишуваат чувството на рамнотежа и контрола. Водени од занесниот ритам, учесниците ќе се превиткуваат, истегнуваат и ќе се движат ослободени од познатата рутина. Користејќи го принципот на тенсегрити, часот открива како телото се држи – не со крутост, туку со нежна, променлива рамнотежа помеѓу напнатоста и компресијата, што овозможува постојана трансформација. Отворена за сите, оваа работилница нуди простор за експериментирање со нови начини на движење и доживување на телото.

**БИОГРАФИЈА**

Симона Деаконеску ги преиспитува општествените конструкции, воспоставувајќи дијалог помеѓу фикцијата и објективната реалност. Нејзината практика навлегува во критички сценарија на телото, шпекулирајќи за неговата улога во минатите и идните општества. Често работи колективно, во интердисциплинарни групи или во креативна двојка. Во нејзините дела перформативното се среќава со кинематографското во простори каде што се спојуваат природата, историјата и технологијата, проширувајќи го поимот за кореографија надвор од границите на човечкото тело.
Студирала кореографија на Националниот универзитет за театар и филм во Букурешт и филмска режија на Медиумскиот универзитет во Романија. Својата работа ја развива во рамки на иновативни и истражувачки мрежи како што се Moving Digits, MODINA, biofriction и Forecast. Добитничка е на признанието Aerowaves Artist во 2018 и во 2022 година, и на наградата Moving Balkan Artist во 2025 година.

Во 2014 година Симона го основа Tangaj Collective, трансдисциплинарна продукциска компанија која соработува со уметници и истражувачи. Нивните дела опфаќаат перформанси, инсталации, филмови и видеа, кои се прикажани пред публика низ целиот Балкан, Централна и Источна Европа, Британска Колумбија во Канада, како и во Мексико и во Мадагаскар.
Од голема љубов кон предавањето танц, Симона ја развива една од најпопуларните програми за обука за современ танц за аматери во Букурешт, со повеќе од 3000 учесници низ годините. Покрај тоа, редовно одржува работилници за танцова техника и интердисциплинарна композиција за професионални танчери.

**Прочитајте повеќе на: Tangaj Collective**

Performance Platform Festival


**Организатор** на Перформанс Платформа Фестивал (ППФ) 2025: Локомотива - Центар за нови иницијативи во уметноста и културата
Соработници, пријатели, другари и партнери на фестивалот во јунската програма: Skopje Pride Weekend, Прво Па Женско (Tiiiit! Inc.), МКЦ Скопје, Интерарт културен центар/Скопје танцов театар и радио Стереолаб.

Куратoрки на ППФ 2025 / јуни: **Биљана Тануровска-Ќулавковски и Викторија Илиоска**
Кураторка на (не)конференцијата: **Биљана Тануровска-Ќулавковски**
Директорка на продукција/финансии: **Емилија Чочкова**
Извршен продуцент: **Дино Чупевски**
Координација: **Викторија Илиоска**
Комуникации: **Љубомир Фаизов**
Администрација: **Ѓурѓица Христовска**

Уредничка на каталогот: **Биљана Тануровска-Ќулавковски**
Текстови во каталог (по азбучен ред): **Дејан Битровски, Александар Георгиев, Адријана Данческа, Симона Деаконеску, Теодора Ежовска, Викторија Илиоска, Тереза Лазарев, Александра Петрушевска, Биљана Тануровска-Ќулавковски и Дино Чупевски.**
**Превод и лектура на англиски и македонски: Нена Николиќ**

Графички дизајн (на каталог и на сите визуелни материјали) на ППФ 2025: **Софија Цветковиќ**

Иницијален одбор на ППФ 2025 (азбучен ред): **Дејан Битровски, Александар Георгиев, Адријана Данческа, Теодора Ежовска, Викторија Илиоска, Тереза Лазарев, Александра Петрушевска и Биљана Тануровска-Ќулавковски.**

ППф 2025 е реализиран со поддршка од **Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија, Фондација Хајнрих Бел, Гете-институт Скопје, Performance Situation Room /проект LLB 3 финансиран од програмата Креативна Европа и Perform Europe.**

supported by:

ogranized by:

# Advocacy messages

Ова е повик до Министерството за култура, до јавните институции и до сите кои се одговорни на локално и на национално ниво, да ја преосмислат културната политика и да обезбедат политики и услови во кои современиот танц ќе опстојува и ќе се развива.

# Advocacy messages

- Современиот танц во Северна Македонија постои и покрај сите пречки - без простор за работа, без сцени, без средства за продукција, истражување или критичка рефлексија.

- Создаваме во отсуство, во пукнатините на институционалното постоење, градејќи паралелни системи на солидарна поддршка со нашите пријатели и партнери.

- Кореографираме, танцуваме, размислуваме, продуцираме, истражуваме, градиме дискурзивни практики во полето на современиот танц, во состојба на несигурност/прекарност.

- Работиме во екплоатирачки и самоексплоатирачки услови, бидејќи сакаме да опстоиме, да постоиме.

- Добиваме минимален буџет за сите активности за современиот танц. Само 3% од вкупниот буџет за сценски уметности. А нам ни треба рамноправна, долгорочна поддршка!

# Advocacy messages

- Додека пасијата се романтизира, а уметноста се смета за „работа од љубов“, прекаријатот ги гасне уметничките капацитети.
- Дел сме од систем кој не нè гледа!

  Бараме соодветни работни услови.
- Бараме еднаков третман и финансирање - како што го имаат театарот, музиката и другите уметности.
- Бараме простори, финансиска поддршка, техничка опрема, можности за истражување, резиденции, меѓународна видливост и можности за соработка.
- Ни треба институција за современ танц.
- Бараме признание - не како декор, туку како суштински дел од културната политика.
- Современиот танц не е хоби. Тоа е професија.

Advocacy messages

Современиот танц е:
критичка и политички свесна уметност
уметничко поле и систем на потреби, каде се создава уметност на движење што рефлектира за минатото, сегашноста и иднината
демократски простор каде се создаваат различности, солидарност и заедништво

На современиот танц му е потребно планирано, долгорочно, структурно финансирање со цел градење капацитети, квалитетна продукција и одржливост.

Performance
Platform
Festival

PP&

едиција октомври/ноември

# October/ November edition

Performance Platform Festival

- Второто, есенско издание на PPF 2025, што се одржува во октомври и ноември, го продолжува нашиот феминистички кураторски пристап на споделување ресурси и поврзување различни практики, соработки и гласови од локален и меѓународен контекст. Додека јунското издание се одвиваше низ плуриверзален кураторски поглед обликуван од еко-феминистички перспективи, есенската програма го насочува погледот кон итноста и сложеноста на репродукцијата, работата и условите во полето на изведувачките уметности каде се нагласуваат недостатоците во условите на работа на жените, и мајките, нивната изолираност и недоволна застапеност, како и релациите со (не)сродните заедници, со-живеењето и колективните иднини.

- Програмата исцртува уметнички, телесни и политички терени за преобразба, меѓузависност, грижа и противречностите на грижата.
  Ова издание го претставува перформансот BLISS на полската кореографка Рамона Нагабчињска, кој ја третира бременоста како трансформативна и несигурна состојба. Таа одржува и работилница на тема Image, Matter, Presence, на која учесниците ќе го истражуваат судирот меѓу сликата, сензацијата и телесноста.
  На програмата е и CODOMESTICATION на Крот Јурак и Алекс Бејли (Естонија/Велика Британија, во моментов живеат и работат во Австрија) – перформанс првично создаден заедно со нивното мало дете, а денес се претставува преку работилници и испробувања како дел од концептот на прикажување- showing without going, во рамки на проектот „(M)others on tour“. Во Северна Македонија, делото го изведува Симона Спировска заедно со своите деца. Преку алтернативни модели на циркулација, CODOMESTICATION преосмислува како перформансот може да се внедри во локалниот контекст без потреба од постојана мобилност и физичко присуство.

Performance Platform Festival

Дел од програмата се надоградува на пролетното издание, надоврзувајќи се на (не)конференцијата (Еко)Феминизам во практиката/ите: преосмислување на уметноста и кураторските иднини, и проширувајќи се во публикацијата „Придружник за екофеминистичката кураторска географија, книга за вежбање“, замислен како водич, или „вежбанка“ каде се истражуваат темите на екофеминизам, зелени политики, одржливост, повлекување, дивина, посакувани институции и системи, и др. поврзани теми кои нудат заедничко промислување, постапки за промислување и континуирано ангажирање со истражените теми. Во овој дел од програмата, се одржа и сесија „публикација во процес“, каде авторите заедно со уредниците и дизајнерот работеа (од далечина и физички) за да ја финализираат публикацијата во процес на взаемност, споделување и соработка. На таков начин, свесно го отворивме процесот на ко-креирање кон јавноста, повикувајќи на заедничко авторство и учество во обликувањето на финалната форма на публикацијата како колективен гест. Есенската програма го поставува телото како простор на трансформација, противречност и можност – од метаморфните состојби на бременоста, пореметувањето на телесната слика, до колаборативните преосмислувања на трудот и условите за работа преку испитување и промислување на споделено/заедничко родителство, со-создавање на публикација или замислување на друга,- конвивијална иднина.

Овие активности заеднички ја продолжуваат посветеноста на ППф кон рефлексиите на феминистички и плуриверзални уметнички и културни практики, поставувајќи го прашањето: како перформанс уметноста може да ги преосмисли условите на живеење, работа, соработка, со-грижа и создавање на иднини– поинаку?
Биљана Тануровска-Ќулавковски и Викторија Илиоска– кураторки на фестивалот.

Performance Platform Festival

# PROGRAM
# OCTOBER – NOVEMBER

9 октомври 2025 @ МКЦ

12.00-16.00
@ Џебно кино – МКЦ

Сесија **„публикација во процес“** – отворена работилница, заедничко промислување, повик за заедничка изработка на фанзин поврзан со (не)конференцијата **„(Еко)Феминизам во практиката/ите: преосмислување на уметноста и кураторските иднини“**.

20:00 МКЦ

**BLISS** – танцов перформанс на Рамона Нагабчињска (перформансот е наменет за публика на возраст од 16 години и повеќе)
Разговор со **Ирена Цветковиќ** – независна истражувачка во полето на родовите студии

10 октомври 2025 @ Факултет за драмски уметности

15.00-17.00

Image, Matter, Presence – работилница со Рамона Нагабчињска, дел од програмата КУЛТРЕНИНГ наменет за студенти и професионалци

18 ноември 2025 Театар за деца и младинци

**CODOMESTICATION** со Симона Спировска и нејзиното семејство, во рамките на концептот showing without going на Крот Јурак и Алекс Бејли.



PPF
локомотива
lokomotiva
Performance
Platform
Festival
BLISS
by Ramona Nagabczyńska,
dance performance (16+)
09 October 2025
20:00h ; MKC
with support of:
Perform Europe
Co-funded by the European Union
Republic of North Macedonia
Ministry of Culture and Tourism
HEINRICH BÖLL STIFTUNG
URED U SARAJEVU
Bosna i Hercegovina | Albanija |
Sjeverna Makedonija

Performance Platform Festival

## BLISS на Рамона Нагабчињска [Полска]

Централна тема на перформансот е бременоста како засилена „внатрешна самосензитивност“. Уметницата забележува дека бременоста ја надминува единечноста на личното искуство и ги поткопува сите форми на субјективност вкоренети во нашата култура. Иако медицинализацијата на оваа сфера дава илузија на контрола, оваа состојба ѝ се измолкнува на системската логика, тоа е непознатото кое предизвикува несигурност. Кореографијата на Рамона Нагабчињска ја истражува состојбата на постојана метаморфоза и ја открива несигурноста што ја предизвикува репродуктивната моќ на жената. Притоа, таа се потпира и на древни митови и на современи хорор филмови.

**Кореографија:** Рамона Нагабчињска
**Продукција:** Национален музеј во Варшава
**Премиера:** 4 септември 2022
**Соработка:** Centrum w Ruchu [Центар во движење], Варшава
Уметницата е членка на колективот на Centrum w Ruchu [Центар во движење].
**Драматургија:** Агата Сињарска
**Дизајн на светло:** Јенджеј Јенчиковски
**Кураторска соработка и продукција:** Алиција Латковска
**Фотографија:** Филип Преис

Перформансот беше претставен како дел од изложбата „Виткаци. Сеизмограф на ерата на забрзување“ во Националниот музеј во Варшава (куратори: Зофија Махницка, Павел Полит).
По перформансот ќе следува разговор со Ирена Цветковиќ, независна истражувачка во областа на родовите студии.

Performance Platform Festival

## БИОГРАФИЈА

Рамона Нагабчињска е изведувачка и кореографка родена во Торонто, Канада. Во моментов живее и работи во Варшава, Полска. Танцот го изучувала во Државното балетско училиште во Варшава, на Hochschule für Musik und Darstellende Kunst во Франкфурт и на The Place во Лондон, по што магистрирала културолошки студии на Универзитетот во Варшава.
Нејзината работа често ги надминува границите меѓу уметничките дисциплини, па затоа неретко ја нарекуваат и визуелна уметница или театарска режисерка. Меѓу нејзините најзначајни перформанси се Body Parts, Silenzio!, Le Jeu de Massacre, Bliss, Performers Anonymous и I Love Ballet.
Двапати била избрана за Aerowaves Top 20 уметница, а во периодот 2015–2019 година била дел од програмата APAP Performing Europe. Како прва кореографка во историјата, ја добила наградата за најдобар режисер за Silenzio! на фестивалот Divine Comedy во 2021 година. Таа е и со-основачка на Центарот во движење во Варшава – уметнички управуван простор за кореографија.


Kultrening Workshop
by Ramona Nagabczyńska:
Image,
Matter,
Presence
Performance
Platform
Festival
with support of:
Perform
Europe
Co-funded by
the European Union
Republic of North Macedonia
Ministry of Culture and Tourism

Performance Platform Festival

## Image, Matter, Presence - Култренинг работилница со Рамона Нагабчињска

Од 2016 година, Локомотива континуирано гради средина на поддршка за танцова едукација, размена на знаења и уметничка практика преку програмата Култренинг. Оваа иницијатива нуди часови за современ танц наменети за пошироката заедница – од професионални танчери и уметници, до ЛГБТИК+ заедницата и сите заинтересирани за техники на современ танц и истражување на движењето.

Во соработка со локални, регионални и меѓународни кореографи и танчери, Култренинг дава постојана поддршка за развојот и видливоста на локалните уметници, истовремено создавајќи достапни можности за пошироката заедница да се вклучи во висококвалитетни работилници за современ танц, секогаш бесплатно. Со текот на времето програмата прерасна во значаен простор за одржување на практиките на движење, претставување нови едукативни пристапи во танцот, развивање грижа и градење колективен импулс.

Performance
Platform
Festival

## ЗА РАБОТИЛНИЦАТА

Во фокусот на работилницата со Рамона е нејзината танцова и уметничка практика, каде различните начини на користење и перцепција на телото се во меѓусебна интеракција, судирајќи се и понекогаш нарушувајќи ја внатрешната логика. Дводимензионалните слики се судираат со физиологијата, создавајќи нарушена присутност. Телото станува место на судир на културни, историски, искуствени, физички, физиолошки и еманципаторни сили.

Работилницата е отворена за изведувачи, уметници од која било дисциплина, како и за сите заинтересирани за уметничката практика.

БИОГРАФИЈА

Рамона Нагабчињска е изведувачка и кореографка родена во Торонто, Канада. Во моментов живее и работи во Варшава, Полска. Танцот го изучувала во Државното балетско училиште во Варшава, на Hochschule für Musik und Darstellende Kunst во Франкфурт и на The Place во Лондон, по што магистрирала културолошки студии на Универзитетот во Варшава. Нејзината работа често ги надминува границите меѓу уметничките дисциплини, па затоа неретко ја нарекуваат и визуелна уметница или театарска режисерка. Меѓу нејзините најзначајни перформанси се Body Parts, Silenzio!, Le Jeu de Massacre, Bliss, Performers Anonymous и I Love Ballet. Двапати била избрана за Aerowaves Top 20 уметница, а во периодот 2015–2019 година била дел од програмата APAP Performing Europe. Како прва кореографка во историјата, ја добила наградата за најдобар режисер за Silenzio! на фестивалот Divine Comedy во 2021 година. Таа е и со-основачка на Центарот во движење во Варшава – уметнички управуван простор за кореографија.


Performance
Platform
Festival
performance
CODOMESTICATION
concept by
Krõõt Juurak & Alex Bailey
local edition co-created and presented by
Simona Spirovska and her family

Performance Platform Festival

## CODOMESTICATION на Кроот Јурак и Алекс Бејли

**CODOMESTICATION на Крот Јурак и Алекс Бејли** (Естонија/Велика Британија, во моментов живеат и работат во Австрија) – перформанс првично создаден заедно со нивното мало дете, а денес се претставува преку работилници и испробувања како дел од турнејскиот концепт showing without going, во рамки на проектот „(M)others on tour“. Во Македонија, делото ќе го изведе Симона Спировска заедно со своите деца. Преку алтернативни модели на циркулација, CODOMESTICATION преосмислува како перформансот може да се внедри во локалниот контекст без потреба од постојани турнеи со физичко присуство.

**CODOMESTICATION** пристигнува во Скопје како локална верзија на турнејскиот концепт на **Крот Јурак и Алекс Бејли**, реобмислен и отелотворен од уметницата Симона Спировска и нејзиното семејство. Делото ја проширува замислата за перформансот, поставувајќи ја грижата, меѓузависноста и секојдневното договарање во неговото јадро. Нè повикува да ги реобмислиме авторството и моќта – кој одлучува, кој следи и како создавањето се обликува кога сцената ја делат возрасни и деца, уметници и негуватели, личното и јавното.
Во време кога културното поле сè уште е водено од прекумерно производство и прекарност, CODOMESTICATION инсистира на вредноста на останувањето со она што веќе е тука и постои – со односите, потребите, меѓузависноста и грижата. Ја предизвикува идејата дека уметноста мора да се создава преку постојана мобилност и непрекинато производство, предлагајќи наместо тоа уметност што произлегува од домашните реалности, од заедничкото време и од заемното обликување на животот и работата.

Performance Platform Festival

Работните услови во продукцијата овде се клучен предмет на интерес, бидејќи тие го одредуваат кој може да создава уметност и под кои околности. Без реобмислување на овие услови, многу гласови – особено оние на мајките и негувателките – ризикуваат да бидат исклучени од културниот пејзаж. Поддршката на мајките во уметноста не е прашање на специјален третман, туку на структурна правда: тоа значи препознавање на грижата како чин на создавање, како кореографија, како труд што го одржува и животот и културата.

**Веќе повеќе од две децении, Локомотива – Центар за нови иницијативи во уметноста и културата, работи на подобрување на работните услови на уметниците и културните работници, континуирано залагајќи се за поодржливи и модели на продукција кои се базираат на грижа.** Оваа година, како партнер во проектот Perform Europe, Локомотива го продолжува тоа преку транснационални соработки што истражуваат како перформансот може да патува и да се создава на поинаков начин, вклучувајќи уметници кои дејствуваат во средини или околности со ограничени ресурси. Во рамки на оваа програма, (M)others on Tour придонесува кон локалната и регионалната сцена воведувајќи нови начини на заедничко делување, нагласувајќи ја потребата за реосмислување на институциите и приклучувајќи се на поширокиот европски бран што инсистира дека уметноста и грижата мора да се практикуваат заедно, а не одделно.

Performance
Platform
Festival

**Перформанс Платформа фестивалот (ППф) 2025** е поддржан од проектот „Култура за развој" на Владата на Швајцарија, а се имплементира од страна на Ха ртефакт Фонд; Perform Europe; Performance Situation Room / проект LLB 3 финансиран од програмата Креативна Европа на Европската унија; Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија; Фондација Хајнрих Бел и Гете-институт Скопје. Содржината на програмата, публикациите и комуникацијата се единствена одговорност на Локомотива – Центар за нови иницијативи во уметноста и културата, и не ги одразуваат нужно ставовите на донаторите.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

HEARTEFACT

Perform
Europe

Life Long
Burning

Co-funded by
the European Union

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit

HEINRICH BÖLL STIFTUNG
SARAJEVO
Bosnia and Herzegovina | Albania |
North Macedonia

GOETHE
INSTITUT